*Број 14-1690/1*
*Штип 12.03.2018*

Општина Штип во рамки на проектот „Заштита од дискриминација на локално ниво“ спроведуван од страна на ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, а поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија во Република Македонија, со одлука на Советот на Општина Штип основаше координативно тело за заштита од дискриминација, одлука бр. 08 – 9062/1 од 25 ноември 2016 година. Локалното кооридниативно тело за заштита од дискриминација, на седницата одржана на 07.03.2018, донесе

# Д Е Л О В Н И К
за работа на Локално координативно
тело за заштита од дискриминација на Општина Штип

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој деловник се уредува внатрешната организација и начинот на работа на Локалното координативно тело за заштита од дискриминација на Општина Штип (во понатамошниот текст Локално координативно тело), составот на Локалното координативно тело ,остварување на координирана соработка со сите инволвирани страни за успешна имплементација на Законот за заштита и спречување од дискриминација, Националната стратегија за заштита од дискриминација 2016 -2020 година и други прашања кои се од значење за работата на Локалното координативно тело.

Член 2

Деловникот за работа е задолжителен за сите членови на Локалното координативно тело.

Член 3

Локалното координативно тело е составено од членови: координатор за еднакви можности на општина Штип кој е координатор и на Локалното координативно тело, Заменик народен правобранител – подрачна канцеларија Штип, претставник од Бесплатна Правна Помош при Министерство за правда – подрачна канцеларија Штип, претседател/ка на Комисија за еднакви можности

при Совет на Општина Штип, прставници од 7 здруженија на граѓани: ЗХА Синергија,, ЗГ Младински Клуб – Штип, ЗГ Цивитас, ЗГ ЕХО, Здружение на мултиетничко општество за човекови права Штип, ЗГ Гласен Текстилец, Фондација за развој на локалната заедница.

Член 4

Во работата на Локалното координативно тело може да се вклучат претставници од меѓународни организации и експерти од областа.

Член 5

Со Локалното координативно тело претседава Локален координатор. Локалниот координатор овозможува редовно и фунционално работење на Локалното координативно тело, преку следниве активности:

- Предлага дневен ред, свикува и раководи со седниците на Локалното координативно тело;
- Ги потпишува записниците од одржаните седници на Локалното координативно тело;
- СЕ грии за остварување на координиран пристап при извршување на работите;
- Ги превзема сите потребни дејствија за непречена работа на Локалното координативно тело;
- Во осуство на Локалниот координатор, седниците ги води негов заменик кој ќе го определи од редот на членовите на Локалното координативно тело.

## II НАДЛЕЖНОСТ НА ЛОКАЛНОТО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО

Член 6

Локалното координативно тело е одговорно за:

- Следење и анализа на состојбите на планот на дискриминацијата во општината
- Координирање на активностите на надлежните институции кои работат на заштитата од дискриминација
- Промовирање и информирање на јавноста за својата работа

- Изготвување и спроведување на Локален акционен план за заштита од дискриминација на Општина Штип
- Разгледување на претставки на граѓани за случаи на дискриминација и нивно натамошно проследување до надлежни институции
- Изготвување на Годишен извештај за работењето на Локалното координативно тело и негово доставување до Советот на Општина Штип и до Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување ХЕРА
- Следење и спроведување на национални политики за борба против дискриминација

III НАЧИН НА РАБОТА НА ТЕЛОТО

Член 7

Локалното координативно тело работи на седници. Седниците на Локалното координативно тело се одржуваат на секои 4 маесеци (квартално), а во зависност од потребата и почесто.

Седниците на Локалното координативно тело ги свикува локалниот координатор по сопствена иницијатива, по иницијатива на член на Локалното координативно тело или на предлог на претставници од Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување ХЕРА.

Седницата се свикува со доставување на покана, дневен ред и работен материјал , најмалку 7 дена пред одржувањето на седницата. Во исклучителни случаи, седницата може да се свика и во пократок рок и усно, без покана.

Во случај на отсуство или спреченост на член на Локалното координативно тело, се известува локалниот координатор.

Член 8

Седниците на Локалното координативно тело се свикуваат во работни денови и во работно време.

По исклучок од став 1 од овој член, седницата на Локалното координативно тело , во итни и неодложни случаи, може да се одржи и во неработни денови и по завршување на работното време.

Член 9

Седницата на Локалното координативно тело ја води координаторот. Членовите учествуваат во расправата на седницата на Локалното координативно тело, донесувањето на одлуките и заклучоците по одделни прашања и не може да бидат повикани на одговорност за искажано мислење и гласање.

Член 10

Локалното координативно тело може да одржува седница и да донесува одлуки само доколку се присутни мнозинството од вкупниот број на членови на Локалното координативно тело.

Одлуките на Локалното координативно тело се донесуваатсо мнозинство гласови од присутните члнови.

Член 11

За текот на седницата се составува записник. Записникот го потпишува локалниот координатор, а се усвојува на наредната седница.

IV ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 12

Овој Деловниквлегува на сила од денот нанеговото усвојување од страна на Локалното координативно тело

Даум: 07.03.2018

Место: Штип